**РЕГУЛАТИВА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ (ЕУ) 2022/425 НА КОМИСИЈАТА**

**од 14 март 2022 година**

**за изменување на Регулатива за спроведување (ЕУ) 2019/947 во однос на одложување на датумите за премин за употреба на одредени авионски системи без екипаж од „отворена“ категорија и дата на примена за стандардни сценарија за операции извршени во или надвор од визуелна линија на видно поле**

**(Текст со важност за ЕЕО)**

ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА,

имајќи го предвид Договорот за функционирањето на Европската Унија,

имајќи ја предвид Регулатива (ЕУ) 2018/1139 на Европскиот парламент и на Советот од 4 јули 2018 година за заеднички правила во областа на цивилното воздухопловство и за основање на Агенцијата на Европската унија за безбедноста на цивилното воздухопловство, а за изменување на Регулативите (ЕЗ) бр. 2111/2005, (ЕЗ) бр. 1008/2008, (ЕУ) бр. 996/2010, (ЕУ) бр. 376/2014 и Директивите 2014/30/ЕУ и 2014/53/ЕУ на Европскиот парламент и на Советот, и за укинување на Регулативите (ЕЗ) бр. 552/2004 и (ЕЗ) бр. 216/2008 на Европскиот парламент и на Советот и Регулатива (ЕЕЗ) бр. 3922/91 ([1]), а особено член 57 од истата,

со оглед на тоа што:

(1) Во согласност со член 20 Регулатива за спроведување (ЕУ) 2019/947 ([2]), авионски системи без екипаж (‘UAS’) кои не ги исполнуваат условите од Делегираната регулатива (ЕУ) 2019/945 на Комисијата ([3]) и кои не се приватно изградени може да продолжат да се користат во „отворена“ категорија под одредени оперативни услови, кога биле пласирани на пазар пред 1 јануари 2023 година. Според член 22 од Регулатива за спроведување (ЕУ) 2019/947, UAS кои што не ги исполнуваат условите од деловите 1 до 5 од Анексот на Делегираната регулатива (ЕУ) 2019/945 може да се користат привремено во „отворена“ категорија под одредени оперативни услови, заклучно со 1 јануари 2023 година.

(2) Според член 23(2) од Регулатива за спроведување (ЕУ) 2019/947, од 3 декември 2023 година, земјите членки може да прифаќаат декларации од UAS оператори согласно со член 5(5) од таа регулатива за спроведување за операции кои исполнуваат едно од двете стандардни сценарија, или во визуелна линија на видно поле на контролирана област на земја во населена средина или надвор од визуелна линија на видно поле со набљудувачи на воздушниот простор врз контролирана област на земја во ретко населена средина, утврдено во Прилог 1 на Анексот на таа регулатива за спроведување.

(3) Некои од усогласените стандарди кои се однесуваат на условите за UAS од класите C0 до C6 кои се потребни за операции од „отворена“ категорија или под стандардните сценарија, како и директна идентификација на далечина нема да се достапни пред средина на 2023 година. Без тие усогласени стандарди, производителите на UAS ќе бидат спречени од пласирање на усогласени UAS на пазарот пред крајот на привремениот период одреден во член 22 од Регулатива за спроведување (ЕУ) 2019/947.

(4) Затоа е потребно да се продолжат датумите одредени во членовите 20 и 22 на Регулатива за спроведување (ЕУ) 2019/947 со цел да се обезбеди усогласените стандарди кои се однесуваат на условите за UAS од класите C0 до C6 да се достапни на производителите и операторите на UAS пред истекување на тој период. Исто така е потребно да се одложи датумот на примена на двете стандардни сценарија утврдени во Прилог 1 на Анексот на таа регулатива за спроведување со цел да се обезбеди тие усогласени стандарди да се достапни пред земјите членки да можат да прифаќаат декларации за операции кои се придржуваат на тие стандардни сценарија. Дотогаш земјите членки треба да прифаќаат декларации од оператори на UAS согласно со член 5(5) на таа регулатива за спроведување, врз основа на национални стандардни сценарија или некој еквивалент.

([1]) Сл. весник L 212, 22.8.2018 година, стр. 1.

(2) Регулатива за спроведување (ЕУ) 2019/947 на Комисијата од 24 мај 2019 година за правилата и постапките за операции на воздухоплов без екипаж (Сл.весник L 152, 11.6.2019 година, стр. 45).

(3) Делегирана регулатива (ЕУ) 2019/945 на Комисијата од 12 март 2019 година за авионски системи без екипаж и оператори од трети земји на авионски системи без екипаж (Сл.весник L 152, 11.6.2019 година, стр. 1).

(5) Мерките изнесени во оваа Регулатива се во согласност со мислењето на комитетот утврдено со член 127 од Регулатива (ЕУ) 2018/1139,

ЈА ДОНЕСЕ ОВАА РЕГУЛАТИВА:

*Член 1*

Регулативата за спроведување (ЕУ) 2019/947 се изменува како што следи:

(1) во член 20, '1 јануари 2023 година' се заменува со '1 јануари 2024 година';

(2) во член 22, воведните зборови се заменуваат со следново:

'Без да е во спротивност со член 20, употребата на UAS од „отворена" категорија кои не ги исполнуваат условите на деловите 1 до 5 на Анексот на Делегираната Регулатива (ЕУ) 2019/945 на Комисијата (*) ќе биде дозволена на привремен период заклучно со 31 декември 2023 година, предмет на следниве услови:

(*) Делегирана Регулатива (ЕУ) 2019/945 на Комисијата од 12 март 2019 година за системи на воздухоплови без екипаж и на оператори од трети земји на системи на воздухоплови без екипаж (Сл.весник L 152, 11.6.2019 година, стр. 1).';

(3) во член 23, ставовите 2, 3 и 4 се заменуваат со следново:

'2. член 5(5) се применува од 1 јануари 2024 година.

3. Точките UAS.OPEN.060(2)(е) и UAS.SPEC.050(1)(l)(i) од Анексот се применуваат од 1 јули 2022 година и точка UAS. SPEC.050(1)(l)(ii) од Анексот се применува од 1 јануари 2024 година.

4. Без да е во спротивност со член 21(1), до 31 декември 2023 година земјите членки може да прифаќаат декларации од оператори на UAS согласно со член 5(5), врз основа на национални стандардни сценарија или некој еквивалент, ако тие национални сценарија ги исполнуваат условите од точка UAS.SPEC.020 на Анексот.

Таквите декларации престануваат да важат од 1 јануари 2026 година.'.

*Член 2*

Оваа регулатива влегува во сила на дваесеттиот ден од денот на нејзиното објавување во Службениот весник на Европската Унија.

Оваа регулатива е целосно обврзувачка и директно применлива во сите земји

членки.

Брисел, 14 март 2022 година.

*За Комисијата*

*Претседателот*

Урсула ФОН ДЕР ЛАЈЕН